**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 577/4**

**Скопје, 11.12. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2007 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Македонска Каменица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Перо Митревски - Градоначалник на Општина Македонска Каменица во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 21.07.2008 до 01.08.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Општина Македонска Каменица со Буџетот за 2007 година има планирано приходи/расходи во износ од 37.651 иљада денари, меѓутоа во текот на 2007 година реализирани се приходи во износ од 27.940 иљади денари и расходи во износ од 26.766 иљади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 1.174 иљади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 74,21%, а расходите со процент од 71,09%. Според тоа, општина Македонска Каменица имала обврска да донесе ребаланс согласно член 36 од Законот за буџетите, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува Советот на општината на предлог на градоначалникот. Ефектот од тоа е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи, на буџетот за 2007 година.
**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

**10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. Состојбата на сметката Други побарувања во Билансот на состојба на 31.12.2007 година е искажана во поголем износ од 51 иљада денари поради двапати евидентирано побарување од Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, а по основ на услуга за вршење надзор на уредување на нова површина и дислокација на гробиштата од с.Саса 2 во Македонска Каменица, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Во текот на ревизијата извршено е сторнирање на ова побарување согласно Записник за меѓусебно усогласување на должничко доверителските односи помеѓу Општина Македонска Каменица и Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, со што неправилноста е отстранета.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи, ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Македонска Каменица на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на сметката на Органот на Општина Македонска Каменица.

**Обелоденување**

Сметката на Општина Македонска Каменица е блокирана по извршно судско Решение И.бр. 1321/03 од 15.01.2004 година од ЈП „Македонијапат„ Скопје во вкупен износ од 7.115 илјади денари од кои до 31.12.2007 година платен е износ од 1.966 илјади денари по што останал неплатен долг од 5.149 илјади денари, со состојба на 31.12.2007 година. Во текот на 2008 година платен е износ од 1.912 илјади денари со што остатокот од неплатениот долг изнесува 3.237 илјади денари. Оваа состојба ќе има влијание на финансиските извештаи на Општина Македонска Каменица и во наредниот период.

**Скопје, 01.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на Општина Македонска Каменица**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 6.797 | 6.706 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 295 | 320 |
| Капитални приходи | 3.3. | 12.908 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 7.940 | 5.398 |
| **Вкупно приходи** | | **27.940** | **12.424** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 6.020 | 3.656 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 120 | 305 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 5.115 | 2.905 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 952 | 459 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 35 | 55 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **12.242** | **7.380** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **14.524** | **4.722** |
| **Вкупно расходи** | | **26.766** | **12.102** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.174** | **322** |

**Буџет на Општина Македонска Каменица**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.174 | 322 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.847 | 958 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.021** | **1.280** |
| **Вкупна актива** | | **3.021** | **1.280** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 3.021 | 1.280 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3.021** | **1.280** |
| **Вкупна пасива** | | **3.021** | **1.280** |